**20222854292**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/92, 20/03, 46/04, 19/07, 84/08, 51/11, 135/11, 154/15, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 122/21 и 67/22), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ НА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ВИЗИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ЗА НАЧИНОТ НА ФОТОГРАФИРАЊЕ И ЗЕМАЊЕ НА ПОТПИС ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Северна Македонија, за начинот на фотографирање и земање на потпис за патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/93, 54/93, 73/04, 40/07, 161/07, 73/10, 40/14, 119/15, 126/17, 99/18 и 37/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 54/19 и 161/21), во член 2-б во ставот 1 зборовите „При поднесување на барањето" се заменуваат со зборовите „Во постапката".

Во ставот 2 зборовите „при поднесување на барањето" се заменуваат со зборовите „во постапката".

Во ставот 4 зборовите „При поднесување на барањето" се заменуваат со зборовите „Во постапката".

Во ставот 5 зборовите „При поднесување на барањето" се заменуваат со зборовите „Во постапката".

Во ставот 7 зборовите „При поднесување на барањето" се заменуваат со зборовите „Во постапката".

Член 2

Во член 4 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Во случај кога барањата од ставовите 1 и 2 на овој член се поднесуваат во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, образецот на барањето е во електронски формат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги. ".

Член 3

Во член 6 зборовите „При приемот на барањето" се заменуваат со зборовите „Во постапката".

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр. 13.1-129465/1
27 декември 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.